Анализа на усвојувањето и спроведувањето на заложбите на политичките партии за

# поголема политичка застапеност на жените

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

WFD

# Анализа на усвојувањето и спроведувањето на заложбите на политичките партии за **поголема политичка застапеност на жените**

Проект:
Практикувај демократија

Издавач:
Фондација за демократија на Вестминстер,
Северна Македонија
www.wfd.org

За издавачот:
Дона Костуранова,
директорка во земјата за канцеларијата на
Фондација за демократија на Вестминстер

Авторка на анализата:
Бојана Јовановска

Уредничка:
Ина Џугуманова

Графичко уредување:
Игор Делов

Лектура:
Весна Костовска

Место на издавање:
Скопје

Година на издавање:
2024

Оваа анализа е подготвена во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската Амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа анализа не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# Содржина

7 Предговор

9 Вовед

13 Методологија

14 Политичкото учество на жените во Северна Македонија

18 Заложбите за родова еднаквост наспроти реалната слика

18 Принципот на родова еднаквост во политиките и програмите на партиите

19 Родовата еднаквост во политичките партии

21 Учество во парламентот

23 Извршна и локална власт

25 Унапредување на законодавството

25 Видливост на политичарките

28 Заклучоци и препораки

34 Анекси

34 Анекс 1: Прашалник за претставници/чки на политички партии

36 Анекс 2: бриф од конференција: Стратегии на политичките партии во Северна Македонија за поголемо учество на жените во политиката – 2024

# Предговор

Со оваа анализа се обидуваме да обезбедиме пресек на состојбите – какво е учеството на жените во политичките партии во периодот на изборите 2024 и кои чекори се преземени од страна на партиите за овозможување на политичко учество и сузбивање на насилството врз жените во полтиката.

Во политичката сфера има голема диспропорционалност. Иако жените сочинуваат нешто над половина од вкупното население во земјата, застапеноста на избраните и именуваните позиции е далеку зад овој процент.

Северна Македонија има постигнато напредок со воспоставувањето на квотите како систем за заштите и овозможување на застапеност. По изборите 2024, во Собранието имаме 33 % избрани жени пратенички, процент кој расте непосредно по формирање на Владата на 37,5 %. Во моментот кога ќе ги отстраниме квотите како правна обврска и останува на самите политички партии да номинираат кандидатки, учеството на жените паѓа драматично. Исчекор во оваа смисла е единствено изборот на првата жена претседателка во 2024. Но без квотите, на локалните избори 2021 од вкупно 299 кандидати за градоначалници, само 8% беа жени, од кои на крајот само 2 од 79 избрани градоначалници беа жени, односно 2,5%. Учеството на жените во составот на владите не се ни приближува до паритет, а некогаш е во едноцифрени проценти. Историски, од парламентарните партии во земјата, само во 2 жените успеале да бидат на претседателската позиција. Слични околности се гледаат и во раководните органи, каде на централно ниво застапеноста се движи од 50 % (кај само неколку партии) до 20 %, а на локално ниво речиси и да не може да стане збор за застапеност.

Иако ситуацијата и поширокиот контекст кој го обесхрабрува учеството на жените се комплексни, голема улога имаат бариерите во самите партии. Дел од мерките кои самите политички партии можат да ги преземат се: внатрешни афирмативни политики, еднаква застапеност на жените во внатре-партиските избори и органи, како и за кандидати на изборите во земјата, политики за еднакво одлучување, поддршка на жени кандидати, градење на капацитетите на жените во партиите, политики за спречување родово-базирано насилство и други пристапи.

Искрено се надеваме дека оваа анализа ќе помогне на политичките партии да идентификуваат промени кои може да ги направат за овозможување поеднакво учество на жените, пред сѐ во своите структури, а понатаму и во политичките процеси во земјата.

Без еднакво учество во политиката – се погазуваат основните демократски принципи на еднаква застапеност и не се обезбедува репрезентативна демократија. Со еднаквото учество има многу придобивки, од обезбедување диверзитет на перспективите, до креирање и спроведување подобри политики. Еднаквото учество не е само прашање на бројки, туку на реално учество и влијание. Затоа е потребна политичка средина каде гласовите на жените се добредојдени, слушнати и адресирани.

Дона Костуранова,
Директорка во земјата за
Фондација за демократија на Вестминстер

# Вовед

Учеството на жените во политиката е од клучно значење за да се обезбеди застапеност на различни перспективи и искуства во процесите на донесување одлуки. Со изнесување на нивните специфични гледишта и приоритети, жените можат да придонесат за поинклузивно и поефективно креирање политики. Дополнително, зголемената застапеност на жените во политиката може да помогне во решавањето на родовите специфични прашања и промовирање на родовата еднаквост во сите сфери на општествениот живот. Покрај тоа што учеството на жените во политиката претставува основен демократски принцип, од особена важност е искуството кое тие го носат преку различните гледишта и експертиза, со што придонесуваат за збогатување на областите на политиката во кои традиционално доминираат мажи, како што се: одбраната, безбедноста, економијата и бизнисот, нудејќи иновативни перспективи за спречување конфликти, градење мир и социјални прашања.[1]

Меѓународните заложби за рамноправно политичко учество на мажите и жените, особено преку воведување на родовите квоти, значително придонесоа за напредок, на што укажуваат податоците дека земјите кои ги имплементираат овие заложби во практика покажуваат повисоки нивоа на застапеност на жените и во парламентите и во локалните власти. Меѓутоа, податоците за моменталната состојба на глобално ниво укажуваат на тоа дека, и покрај двојното зголемување на застапеноста на жените во парламентите од 1995 година, мажите сè уште заземаат 75% од местата, при што се проценува дека со ова темпо постигнувањето

1 ODIHR. (2014). *Handbook on Promoting Women's Participation in Political Parties.*

родова еднаквост во националните законодавни тела би било остварливо најрано во 2063 година.[2] Дополнително, многу полоша е состојбата во извршната власт, каде што, и покрај сличностите во образованието и политичкото искуство на мажите и жените, жените се шефови на држави или влади во само 21 земја, а паритет на ова ниво не се очекува во следните 130 години.[3]

Ситуацијата во Северна Македонија само ја потврдува глобалната слика за состојбата со учеството на жените во политиката, каде што жените продолжуваат да се соочуваат со бариери за целосна и еднаква застапеност во политиката. И покрај напорите за зголемување на политичкото учество на жените, сè уште постојат значителни бариери, имајќи предвид дека жените остануваат недоволно застапени на клучните позиции за одлучување во политичките партии, владата и локалната власт.

Политичките партии играат значајна улога во обликувањето на учеството на жените во политиката, често служејќи како бариери со тоа што не успеваат доволно да регрутираат или поддржат женски кандидати и со спроведување на процеси на пристрасна селекција. Меѓутоа, кога недостасуваат случаи на политичка волја или подготвеност на партиите да работат на елиминирање на родовите разлики, соодветно спроведените мерки, како што се родовите квоти, можат да помогнат да се зголеми застапеноста на жените во политиката.

Целта на оваа анализа е да ги процени усвојувањето и спроведу-вањето на заложбите за родова еднаквост за време на предизборната кампања за претседателските и парламентарните избори, а кои беа преземени од страна на девет политички

2 UN Economic and Social Council. (2020). Commission on the Status of Women - Sixty-fifth session 15–26 March 2021, Women's full and effective participation and decision-making in public life, as well as the elimination of violence, for achieving gender equality and the empowerment of all women and girls. Достапно на: https://undocs.org/Home/Mobile?FinalSymbol=E%2FCN.6%2F2021%2F3&Language=E&DeviceType=Desktop&LangRequested=False

3 Ibid.

партии[4] во Северна Македонија во рамки на конференцијата „Насилство врз жените во политиката - решенија за зајакнување на политичкото учество на жените“, која се одржа на 9 февруари, 2024 година во Скопје. Настанот беше организиран од Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), во партнерство со Институтот за комуникациски студии (ИКС), а со поддршка од Британската амбасада. Имајќи ја предвид нивната улога за учество на жените во политиката, политичките партии во своите излагања на конференцијата ги изразија своите заложби за обезбедување на поголема застапеност и учество на жените во политиката. Притоа, заложбите, заедно со клучните наоди од конференцијата, како и општи насоки и предлози што партиите можат да ги применат со цел подобрување на учеството на жените во политиката, беа објавени во вид на краток бриф непосредно по одржувањето на конференцијата и беа испратени до политичките партии во текот на месец март, 2024 година.[5]

Анализата започнува со претставување на методологијата за спроведување на истражувањето, преку примена на квалитативна анализа на содржини и интервјуа и продолжува со краток осврт на моменталната состојба во Северна Македонија во однос на учеството на жените во политиката. Во рамки на делот насловен Заложбите за родова еднаквост наспроти реалната слика, прикажани се резултатите од спроведеното истражување, кои се анализирани наспроти заложбите дадени од страна на партиите, кои се тематски сумирани. Анализата

4 Алијанса на Албанците, Алтернатива, ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ, Движење Беса, Демократска обнова на Македонија – ДОМ, Демократска унија на Албанците – ДУИ, Либерално-демократска партија – ЛДП, Нова социјалдемократска партија – НСДП, Социјалдемократски сојуз на Македонија – СДСМ.

5 Westminster Foundation for Democracy. (2024). БРИФ ОД КОНФЕРЕНЦИЈА: Стратегии на политичките партии во Северна Македонија за поголемо учество на жените во политиката – *2024*. Достапно на: https://www.wfd.org/what-we-do/resources/political-parties-strategies-enhancing-womens-political-participation-north

завршува со делот со заклучоци и препораки, каде што се сумирани клучните наоди во однос на исполнување на заложбите од страна на партиите, како и можните чекори за понатамошно зајакнување на учеството на жените во политиката.

# Методологија

Процесот на прибирање податоци за изработка на оваа анализа се одвиваше во периодот април – јуни 2024 година, односно со започнување на предизборната кампања за претседателските избори, вклучувајќи ја кампањата за парламентарните избори и вториот круг на претседателските избори, кој се совпадна со парламентарните избори, заклучно со конституирање на новиот парламентарен состав и формирање на новиот состав на Владата. За постигнување на целта на истражувањето, беше употребен квалитативен метод за прибирање и анализа на примарни и секундарни податоци, преку примена на следниве истражувачки инструменти:

- анализа на содржина, која опфати систематски преглед и анализа на законодавството и стратешките документи, извештаи, истражувања и анализи, за прикажување на состојбата со политичкото учество на жените. За проценка на степенот на спроведување на заложбите на политичките партии беа анализирани изборните програми, промотивни материјали, веб-страниците на деветте политички партии, односно коалиции и нивните профили на социјалните мрежи, како и медиумски содржини поврзани со предизборните кампањи;
- полуструктурирани прашалници, со кои беа спроведени вкупно осум онлајн/телефонски интервјуа со претставници/чки на политичките партии. Преку интервјуата беа прибирани последователни информации за моменталната состојба со наведените заложби, дополнително користејќи ги доставените писмени брифови од страна на самите партии пред конференцијата и информациите обезбедени за време на конференцијата.

# Политичкото учество на жените во Северна Македонија

Република Северна Македонија, како потписничка на Пекиншката декларација и Платформа за акција, како и на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените (ЦЕДАВ), се обврзува за подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување, вклучително и во јавниот живот и процесите на донесување одлуки. Дополнително, националното законодавство, кое треба да биде усогласено со одредбите на меѓународните документи чиј потписник е државата, претставува значајна алатка за унапредување на родовата еднаквост и учеството на жените во политиката. Сепак, ефикасното спроведување на овие закони е од суштинско значење за преточување на обврските во опиплив напредок, обезбедување значајно учество на жените во сите аспекти на општеството и поттикнување на инклузивни процеси на одлучување.

Во 2002 година во Северна Македонија првпат се воведува родовата квота[6] која налага 30% од кандидатите на изборните листи на национално и на локално ниво да бидат од помалку застапениот пол, која во 2006 година е проширена и налага секое трето лице на кандидатските листи да биде од помалку застапениот пол. Притоа, еден од најзначајните придонеси во

6 Родовите квоти претставуваат инструмент за позитивни мерки чија цел е постигнување на родово балансирано учество и застапеност преку воведување на точно определена пропорција (процент) или број на места кои ќе им се доделат на жените и/или мажите, најчесто под одредени правила или критериуми. (Собрание на РСМ. (2020). План на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020 – *2021.*)

насока на подобрување на националното законодавство на Северна Македонија беа измените на Изборниот законик во 2015 година. Во член 64 беше воведена обврската политичките партии во поднесената листа на кандидати за пратеници и членови на совет на општината и градот Скопје, најмалку 40% од кандидатите да предлагаат од помалку застапениот пол, и тоа: на секои три места најмалку едно место д аму припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места. Сепак, и покрај зголемената вклученост на жените во јавната сфера во Северна Македонија во изминатите години, постигнувањето родова еднаквост сè уште претставува значаен предизвик за државата. Жените и понатаму се значително недоволно застапени во процесите на донесување одлуки, а факторите како што се родовиот јаз во платите, непропорционалните одговорности за грижа во домот и ризикот од родово базирано насилство, во голема мера го попречуваат нивното целосно учество. Длабоко вкоренетите патријархални ставови и норми сè уште силно ја одржуваат традиционалната поделба на родовите улоги, со што го попречуваат патот на жените кон и низ структурите на моќ. Како резултат, жените се соочуваат со повеќеслојна дискриминација, економска зависност, имајќи предвид дека само 28% жени во земјата поседуваат недвижен имот, висока распространетост на родово базирано насилство, што влијае на 1 од 5 жени помлади од 50 години и непропорционални товари на неплатена работа и одговорности за грижа, кои се 2,6 пати поголеми од оние што ги преземаат мажите.[7]

Во своите заклучни согледувања за состојбата во Северна Македонија од 2018 година, комитетот ЦЕДАВ ја истакна недоволната застапеност на жените во различни сектори од јавниот живот, вклучително во Собранието, Владата, општинските совети, градоначалничките позиции, улогите на одлучување

7 Хелсиншки комитет за човекови права. (2021). Нема квоти – нема жени? Достапно на: https://mhc.org.mk/news/nema-kvoti-nema-zheni/

во дипломатската служба и судството, припишувајќи ја оваа разлика на постојани дискриминаторски родови стереотипи кои преовладуваат во општеството.[8] Притоа, се смета дека ниската застапеност на жените во извршната власт на национално и локално ниво произлегува од систематската дискриминација на жените во политичките партии, во кои многу ретко жените заземаат места во партиското раководство.[9]

На дел од овие согледувања беше укажано и во финалниот извештај на ОДИХР за последните парламентарни избори во 2020 година, дополнувајќи дека жените се недоволно застапени во медиумското покривање на кампањите, односно дека и покрај тоа што сочинуваат 42% од регистрираните кандидати, покриеноста на жените политичарки од страна на медиумите варира помеѓу само 4% и 14%.[10] Дополнително, жените кандидатки укажале на недостаток на поддршка за потенцијалните жени лидери во внатрепартиските структури.[11]

Во последниот состав на парламентот,[12] благодарение на задолжителната родова квота од 40%, пратеничките претставуваа 42% од вкупниот број, односно 51 од 120 места беа пополнети со жени. Од друга страна, Владата беше составена од премиер, четворица вицепремиери и 16 министри и само четири жени (20%) на клучни позиции. Меѓутоа, најголемиот неуспех беше забележан на локалните избори во 2021 година, на кои од вкупно 299 кандидати за градоначалници, само 8% беа жени, од кои на

8 CEDAW. (2018). Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia. Достапно на: https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/MKD/CO/6&Lang=En

9 UN Women. (2023). Профил на родовата еднаквост во Северна Македонија. Достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2023-09/unw_cgep_nmk_mk_web.pdf

10 ODIHR. (2020). REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA EARLY PARLIAMENTARY ELECTIONS 15 July 2020, ODIHR Special Election Assessment Mission Final Report. Достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/north-macedonia/465642

11 Ibid.

12 До распуштање на парламентот, пред одржување на парламентарните избори.

крајот само 2 од 79 избрани градоначалници беа жени, односно 2,5%. Дополнително, иако жените сочинуваа околу 45% од сите кандидати за советници, тие предводеа само 19% од кандидатските листи. Овие поразителни резултати во голема мера наликуваат на резултатите од локалните избори од пред дваесет години и укажуваат на исклучување на жените онаму каде што не се предвидени родови квоти.

Она што може да се забележи во последните неколку години е дека некои од политичките партии во предизборните кампањи започнаа да ја наведуваат заложбата за поголема родова еднаквост и да промовираат поголемо учество на жените. Меѓутоа, досегашната практика покажува дека по завршување на изборите обврската за овие заложби се разводнува, најчесто под изговор за постоење на други „поприоритетни“ општествени прашања. Воедно, имајќи предвид дека од страна на политичките партии родовата еднаквост се перципира како приоритет сам за себе, односно не се третира како пристап за имплементација на родовата перспектива во сите аспекти на општествениот живот, предизборните заложби неретко се сведуваат само на декларативни изјави од страна на партиите кои не вродуваат со позитивни промени. Оттука, потребно е не само декларативно да се пристапува на родовата еднаквост и да се употребува само за прибирање на политички поени во предизборните кампањи, туку политичките партии да преземат сериозни заложби и да започнат да дејствуваат во насока на нејзино остварување.

# Заложбите за родова еднаквост наспроти реалната слика

Во рамки на конференцијата „Насилство врз жените во политиката – решенија за зајакнување на политичкото учество на жените“, девет политички партии ги изразија своите заложби за обезбедување на поголема застапеност и учество на жените во политиката во Северна Македонија. Заложбите што беа дадени од страна на политичките партии опфаќаа широк опсег на мерки и стратегии за унапредување на родовата еднаквост во политиката. Во овој дел се прикажани заложбите што беа дадени од страна на политичките партии, наспроти податоците што беа прибирани за целите на оваа анализа, а со цел да се направи проценка на степенот на усвојување и спроведување на заложбите за родова еднаквост за време на предизборната кампања за претстедателските и парламентарните избори, како и нивното пресликување врз крајните резултати од изборите.

## Принципот на родова еднаквост во политиките и програмите на партиите

И покрај тоа што родовата еднаквост е присутна во поголем дел од партиските изборни програми, низ различни мерки, сепак заложбата за родовата еднаквост во некои случаи се третира преку неколку или, пак, само една конкретна мерка, како дел од поширок дијапазон на мерки наменети за сите други сфери, најчесто во делот на човековите права. Иако приоретизирањето на принципот на родова еднаквост може да се забележи во повеќе

од половина од партиските политики и програми, сепак некои од партиите фокусот го ставаат на традиционалната родова улога на жената. Ова е видливо преку одредени демографски политики кои, и покрај тоа што се придружени со мерки за економска независност на жените, сепак не ја препознаваат улога на жената како примарна давателка на грижа во македонското семејство, односно не предвидуваат мерки за обезбедување на рамнотежа помеѓу приватниот и професионалниот живот, без кои економска независност на жената е речиси невозможна.

Во изборната програма на една од партиите воопшто не се применува принципот на родова еднаквост, односно не содржи заложби за родова еднаквост, а родот единствено се споменува како една од основите за еднаквост во делот за еднакви можности во сферата на економијата.

## Родовата еднаквост во политичките партии

Интензитетот на обврски и активности поврзани со предизборните кампањи кои се одвиваа во ограничениот период, кој беше предмет на анализа, беше една од причините поради која политичките партии ги немаа остварено најголем дел од заложбите поврзани со унапредување на родовата еднаквост во рамки на нивната внатрешна организација. Оттука, во изминатиот период политичките партии немаат пристапено кон дефинирање и/или зголемување на родовите квоти во внатрешните органи на партијата, па сепак дел од нив изјавија дека применуваат различни формални, но и неформални стратегии за поддршка на жените политичари. Овие стратегии вклучуваат консултативни средби со претседателите/ките на партиските сектори за вклучување на повеќе жени, активности на терен со локалните женски организации, посети на терен и јавни настапи на кои се внимава да има еднаква вклученост на жени и мажи од партијата итн.

Четири партии во рамки на заедничката изборна програма се залагаат за стратешко инвестирање, финансирање и поддршка на жени на лидерски позиции во политиката, како и развивање механизми и обуки коишто би ги поттикнале младите девојки и жени да учествуваат во изборниот процес и политичките активности, и политичко зајакнување на жените за да преземат јавни должности преку развивање и нудење соодветни алатки и вештини.

Најголем дел од интервјуираните претставнички и претставници на партиите изјавија дека се свесни за доминацијата на мажите како лидери на партиите, односно дека дури и во случаи кога се дискутираат/донесуваат политики со учество на жените, како на пример со вклучување на партиските форуми на жени, сепак финалната одлука ја донесува лидерот на партијата кој е најчесто машко лице. Од деветте политички партии кои беа дел од оваа анализа, на само две претседателка на партијата е жена. Според изјавите на интервјуираните лица, во политичките партии на кои претседателка е жена вклученоста на жените и заложбите за родова еднаквост во партиите се подразбираат, па и покрај нивното интрапартиско институционализирање, се случуваат по „природен" пат. Токму во една од овие партии членството е составено од мнозинство жени. Дополнително, од вкупно 17 партии односно коалиции што имаа поднесено изборни листи на парламентарните избори, само две беа предводени од жени.[13]

И покрај тоа што не секогаш имаат релевантен удел во процесот на донесување одлуки во партијата, форумите односно организациите на жени во рамки на политичките партии претставуваат значаен (многу често и единствен) фактор во партиите за иницирање и остварување на заложбите за родова еднаквост. Токму преку форумите на жени често меѓупартиски се

13 Се однесува на жена на лидерска позиција на партијата или на коалицијата што се кандидира на парламентарните избори.

дискутираат предлози за одредени законски решенија поврзани со унапредување на родовата еднаквост. И покрај тоа што генерално форумите уживаат поддршка, често и финансиска, од страна на партијата, сепак во две од интервјуата беше нагласена потребата од финансиска независност на форумите, со цел да се зголеми нивната политичка компетентност, но многу повеќе за зголемување на ефектот и видливоста на нивната работа. Во едно од интервјуата беше изјавено дека често се случува жените во партијата од заднина да ја вршат работата, чии резултати подоцна им се припишуваат на мажите во партијата кои се на повисоки функции, меѓутоа укинувањето на форумите на жени како посебни секции во рамки на партиите, преку кои често се прави сегрегација на политичарките, не е остварливо сè додека нивото на свест за вклучување на жените во политиката, особено во процесите на донесување одлуки, е ниско.

## Учество во парламентот

И покрај тоа што речиси половина од анализираните програми на партиите предвидуваат зголемување на родовите квоти за застапеност на жените на пратеничките листи на 50%, сепак застапеноста на жените на кандидатските листи за годинешните парламентарни избори не ја рефлектира оваа заложба соодветно.

Анализата на пратеничките листи за парламентарните избори утврди дека сите партии ја исполнуваат законската обврска за минимална застапеност од 40% на помалку застапениот род, односно во овој случај жените, при што еден кандидат од помалку застапениот род мора да биде вклучен меѓу секои три последователни кандидати, со најмалку еден дополнителен кандидат од овој род на секои десет кандидати. Меѓутоа, анализата воедно укажува и дека бројот на жените се зголемува колку што подолу се оди на листите. Додека жените сочинуваа

43% од сите кандидати за пратеници, тие честопати беа ставани на најниските позиции дозволени со закон.[14]

Оттука, кај сите анализирани партии се забележува помало присуство на жените во првите пет места на кандидатските листи, со што е помала веројатноста да бидат изгласани. Дури и кај четири од партиите што имаат најголемо учество на жените на кандидатските листи, во првите пет места учеството на жените е 36.7%, додека на вторите пет места 60%. Преостанатите партии имаат учество на жените од 30% и помалку на првите пет места на кандидатските листи. На ова се надоврзува и состојбата со носителките на кандидатски листи, при што само три жени се носителки на пратенички листи, односно 12.5% од деветте партии што беа вклучени во оваа анализа. Дополнително, од вкупно 84 пратенички листи кои беа поднесени до ДИК за парламентарните избори, само на 21 листа носителка е жена (25%).

Дел од партиите од неодамна го имаат воведено таканаречениот принцип на ко-носителство на кандидатските листи, што подразбира дека првиот и вториот кандидат на листата мора да бидат маж и жена, односно доколку прв на листата е маж, втора мора да биде жена, и обратно. Меѓутоа, постои погрешно претставување на овој принцип од страна на партиите, имајќи предвид дека законот не препознава коносителство, при што само едно лице може да биде носител или носителка на кандидатска листа, додека таканаречените коносители се втори на листите и како и сите кандидати на листите, зависат од бројот на добиени гласови за партијата во одредена изборна единица. Доколку носителот или носителката на листата добие доволно гласови за пратеничко место во парламентот, тоа не значи дека и лицето што е второ на листата автоматски добива пратеничко место. Она што е особено важно е што овој начин на претставување

14 ODIHR. (2024*). North Macedonia, Parliamentary Elections and Presidential Election - Second Round, 8 May 2024: Statement of Preliminary Findings and Conclusions.* Достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/north-macedonia/568270

на ко-носителството не треба да се употребува како изговор за доминацијата на мажите на врвот на кандидатските листи.

Во две интервјуа беше наведено дека нивото на свест за кандидирање на жени на изборните листи во голема мера зависи и од средината, односно големината на општинската организација. Оттука, организациите во помалите/руралните општини најчесто номинираат само машки кандидати.

Во случајот на една политичка партија, изборните листи за парламентарните избори биле составени на многу нетранспарентен начин, без консултација и можност за сугестија од страна на жените во партијата и објавени еден ден пред нивното поднесување во ДИК.

Како позитивна страна, една од партиите што има внатрешна родова квота од 30% застапеност на изборните листи е со 50% родова застапеност, односно изгласана една пратеничка и еден пратеник во парламентот.

## Извршна и локална власт

Речиси сите интервјуирани претставнички и претставници на политичките партии сметаат дека родовите квоти се сè уште потребни за вклучување на жените во различни нивоа на власт, особено имајќи предвид дека онаму каде што нема родови квоти бројот на жени е значително мал, како во извршната и локалната власт.

Од анализираните, осум политички партии се залагаат за воведување на родови квоти на сите извршни позиции, додека седум од нив оваа заложба ја имаат вклучено во изборните програми. Меѓутоа, и покрај овие заложби, новиот состав на Владата, која беше формирана на 23 јуни, 2024 година,[15] само ја потврди декларативноста на овие заложби. И покрај

15 Достапно на: https://vlada.mk/vlada-ministerstva

тоа што непосредно пред формирањето на новата Влада беа реорганизирани министерствата кои од 16 се зголемија на вкупно 20, со што Владата е составена од вкупно 24 члена, само три жени (12.5%) станаа дел од Владата на три министерски позиции, што е за околу 8% помалку од претходниот состав на Владата. Повеќето претставнички и претставници на партиите, вклучително и од оние што се дел од Владата, изјавија дека во наредниот период ќе продолжат да работат на подобрување на застапеноста на жените на министерски позиции, пред сè, преку иницијативи за воведување на родови квоти за составот на Владата.

Кога станува збор за локалната власт, четири партии во своите изборни програми се заложуваат за воведување на родови квоти од 50% за советничките листи и 30% жени кандидатки за градоначалнички, додека три партии предвидуваат родови квоти од минимум 40% на сите нивоа, опфаќајќи ги и градоначалничките позиции. Притоа, некои од партиите потврдија дека работат на развивање на конкретни законски иницијативи за остварување на овие заложби и планираат нивно поднесување со отворање на Изборниот законик во наредниот период, пред одржување на следните локални избори во 2025 година. Поголем дел од партиите се свесни за недостатокот на жени на градоначалнички позиции и сметаат дека треба да се најде соодветно решение за овој проблем. Три од интервјуираните лица изјавија дека мора да се намали практиката на номинирање на жени на локално ниво за пополнување на кандидатски места за кои се проценува дека нема да имаат доволно гласови.

Три партии во рамки на својата изборна програма се заложуваат за позитивна дискриминација за конкурентни позиции на јавните конкурси, односно во случаи кога бодовите се еднакви, ќе се фаворизира родот со најмало присуство на секое работно место, што беше потврдено и во рамки на интервјуата.

## Унапредување на законодавството

Повеќе од половина од анализираните партиски програми предвидуваат некакви законски иницијативи на полето на родовата еднаквост. Притоа четири партии се залагаат за донесување на новиот Закон за родова еднаквост, како и нов Изборен законик со воведување на принципот 50-50, односно родова квота од 50% за пратеничките и советничките листи во општините и Градот Скопје, како и задолжителни 30% жени кандидатки за градоначалнички. Меѓутоа, едно од интервјуираните лица изјави дека и покрај тоа што неговата партија веќе ги има поднесено овие предлог-измени на Изборниот законик пред парламентарните избори, не наишле на поддршка од другите партии со изговор дека немало доволно време за нивно изгласување во парламентот.

Пет од партиите се залагаат за законска заштита на жените земјоделки, пред сè, во однос на здравственото осигурување и породилното отсуство. Седум партии предвидуваат законски измени за подобрување на статусот и заштита на жените работнички. Пет партии предвидуваат подобрување на законодавството во однос на заштита на жените од насилство, при што четири партии ја нагласуваат потребата за понатамошно усогласување на законите со Истанбулската конвенција. Четири партии се залагаат за воведување на сеопфатно сексуално образование, додека две партии се залагаат за усвојување на законската рамка за правно признавање на родот.

## Видливост на политичарките

Во рамки на изборната кампања беше детектирана генерално ниска застапеност на родовиот наратив, но и на жените политичарки. И покрај тоа што дел од политичките партии имаа поголема видливост на жените, сепак фокусот беше ставен на лидерите на партиите и/или коалициите од кои повеќето беа мажи. Дури и оние партии што имаат жена за претседателка во голема мера беа во сенка на лидерите на поголемите партии, како нивни

коалициски партнери. Со забележителниот исклучок на една жена претседателска кандидатка во вториот круг, во кампањите генерално беа вклучени малку жени политичарки.[16] Машките членови на партиите најчесто беа активни во промовирање и поддршка на родовата еднаквост преку поддршка на жените што беа кандидатки за претседателската позиција или носителки на кандидатски листи.

Анализата на наративот во изборните кампањи укажува дека најголем дел од партиите не употребуваат родово сензитивен говор, што е особено видливо преку ретка употреба на феминативи, дури е забележана и употреба на сексистички говор од страна на некои од партиите во меѓупартиските обвинувања за време на јавните настапи. Дел од партиите воопшто не ги употребуваа термините како „род" и „родова еднаквост", додека една партија се фокусира на употреба на термините „пол" и „полова еднаквост", што може да доведе до тесно разбирање на еднаквоста која ги занемарува општествените и културните аспекти на дискриминацијата и е од клучно значење за справување со прашања на стереотипите, улогите и нормите што влијаат врз еднаквоста. Прашањата поврзани со родовата еднаквост во голема мера беа занемарени во дискурсот на кампањата, со исклучок на една претседателска кандидатка.[17]

На повеќето настани, референците поврзани со жените се однесуваа на нивните улоги во рамките на семејството, на тој начин одразувајќи ги долгогодишните родови стереотипи и дискриминација на нетрадиционалните семејства.[18] Според анализата на медиумското известување за време на изборната кампања, утврденото прикажување на политичарките преку нивната улога во семејството или нивниот изглед, како и

16 ODIHR. (2024). *North Macedonia, Parliamentary Elections and Presidential Election - Second Round, 8 May 2024: Statement of Preliminary Findings and Conclusions.* Достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/north-macedonia/568270

17 Ibid.

18 Ibid.

некритичкото пренесување на родово дискриминирачки изјави од страна на други политичари/ки, значајно придонесува за зајакнување на родовите улоги и одржување на мизогините ставови за улогата на жената во јавната сфера.[19] Дополнително, во јавен настап на еден од партиските лидери беше забележана употреба на сексизам и ејџизам кон една претседателска кандидатка.[20]

Во текот на оваа изборна кампања, на партиските профили на социјалните медиуми можеше да се забележат коментари од страна на јавноста со сексизам и родово базиран говор на омраза насочен кон жените политичарки. Овие негативни коментари најчесто се појавуваат на објави кои вклучуваат изјави на политичарките и она што е дополнително загрижувачки е што голем дел од нив се сè уште видливи за јавноста, односно не се избришани/скриени од страна на лицето што го администрира профилот.

19 Јовановска, Б. и Миленковска, С. (2024). Анализа на родово-базирани содржини: Политичарките и медиумската пристрасност. Достапно на: https://iks.edu.mk/istrazuvanja-analizi/analiza-na-rodovo-bazirani-sodrzhini-politicharkite-i-mediumskata-pristrasnost/?fbclid=IwZXh0bgNhZW0CMTAAAR0vQc9-Xniq-8F2Lm_9bPS-wpN4tu7e6RdAV2mn5Af-UKvf92_9tKeFDIGw_aem_3St1us6rZeXqA-icth3aCqA

20 Ibid.

# Заклучоци и препораки

Од податоците што беа добиени преку анализа на партиските програми и медиумските објави, како и изјавите дадени од страна на партиските претставници и претставнички, генерално би можеле да заклучиме дека имплементацијата на заложбите за обезбедување на поголема застапеност и учество на жените во политиката во Северна Македонија во голема мера заостанува зад искажаната волја. И покрај тоа што политичките партии прават напори за поголема вклученост на жените политичарки и примена на принципот на родова еднаквост во секоја сфера на општеството, сепак, во време на политичка и економска криза, родовата еднаквост повторно не го наоѓа своето место меѓу приоритетите на политичките партии.

Заложбата за родова еднаквост во рамките на програмите на политичките партии значително варира, што влијае врз ефективноста на напорите за промовирање на родовата еднаквост. Додека повеќе од половина од партиите даваат приоритет на родовата еднаквост во своите политики, на пристапот често му недостасуваат сеопфатни мерки, со што се ограничува потенцијалот за значаен напредок. Политиките што продолжуваат да ги зајакнуваат традиционалните родови улоги ги поткопуваат чекорите направени кон постигнување на вистинска родова еднаквост, особено со тоа што не поддржуваат рамнотежа помеѓу професионалниот и приватниот живот. Занемарувањето на родовата еднаквост во изборната програма на една партија укажува на пропуштена можност за сеопфатно унапредување на правата и зајакнување на жените.

За да се зајакне заложбата за родова еднаквост, политичките партии треба да интегрираат сеопфатни мерки за родова еднаквост во своите политики и програми надвор од само симболични гестови, а и да бидат соодветно и навремено имплементирани. Ова вклучува воспоставување јасни цели, временски рокови и соодветен буџет за иницијативите за родова еднаквост, како и обезбедување на родовата перспектива во дизајнирање на сите други политики. Партиите треба да дадат приоритет на родовата еднаквост во сите сфери на владеење и да ги препознаат различните улоги на жените надвор од традиционалните стереотипи, обезбедувајќи сеопфатно обезбедување на економска независност и рамнотежа помеѓу работата и животот.

И покрај тоа што политичките партии ги вклучија заложбите за родова еднаквост во своите предизборни кампањи, тие не беа темелно имплементирани во внатрешните организации. Повеќето партии не успеаја да ги дефинираат или зголемат родовите квоти во своите внатрешни тела, иако некои применуваат одредени стратегии за поддршка на жените политичарки. Додека четири партии се залагаат за стратешки инвестиции и обука за жените во лидерство, доминацијата на машките лидери во процесите на донесување одлуки и понатаму опстојува. Политичките партии чиишто лидерки се жени имаат поголем степен на родова еднаквост во самите партии, како и на приоретизирање на принципот на родова еднаквост во својата работа. Женските форуми во партиите служат како витални алатки за промовирање на родовата еднаквост, но често немаат финансиска независност, а придонесите на жените понекогаш се во сенка на нивните машки колеги.

Политичките партии треба да преземат конкретни чекори за подобрување на родовата еднаквост во рамките на своите внатрешни структури, преку институционализирање на принципот на родова еднаквост во партиите. Ова вклучува воведување и/или почитување на родовите квоти во партиските раководства и телата за одлучување, како и развивање формални и неформални системи за поддршка на жените политичарки.

Дополнително, партиите треба да промовираат женско лидерство преку инвестирање во програми за обука и менторство за жени, обезбедувајќи нивно активно учество во процесите на донесување одлуки, вклучително и преку охрабрување и поддршка на жени за највисоките партиски позиции. Финансиската независност на женските форуми во партиите треба да се охрабри со цел да се зголемат нивната ефикасност и видливост, како и активно учество во процесите на носење одлуки на ниво на целата партија.

Додека политичките партии законски го исполнуваат условот да имаат најмалку 40% од помалку застапениот род на своите кандидатски листи за парламентарните избори, жените често се ставаат на пониски позиции, со помала веројатност за изгласување, што ги поткопува нивните шанси за избор. Оваа практика открива јаз помеѓу формалната посветеност на родовата еднаквост и нејзината суштинска имплементација, одразувајќи само површна инклузија која го попречува вистинскиот напредок. Одредени чекори што се претставуваат како позитивни во насока на поголема родова еднаквост, како што е принципот на коносителство, погрешно се применуваат, не успевајќи ефективно да ја оспорат машката доминација на парламентарните кандидатски листи. Овој постојан диспаритет го ограничува потенцијалот за балансирано и разновидно парламентарно тело, што е од клучно значење за инклузивно и репрезентативно донесување одлуки.

Во насока на подобрување на родовата застапеност во парламентот, партиите треба да ги реализираат претходно дадените заложби за зголемување на родовата квота на 50% за застапеност на парламентарните претставнички и претставници, што ќе претставува и многу посоодветно пресликување на родовата структура на македонското население. Дополнително, партиите треба да се обврзат да ставаат жени кандидатки на повисоки позиции на изборните листи. Ова вклучува почитување на родовите квоти не само на хартија, со што ќе се обезбеди позиционирање на жените на врвот на кандидатските листи. Партиите, исто така, треба да размислат за ревидирање

на принципот на коносителство на кандидатските листи, со цел да се избегне погрешно претставување и да се обезбеди значајно вклучување на жените. Воедно, потребно е да се работи на подигнување на свеста на помалите/руралните општински организации во однос на вклучување на жените во политиката и нивно кандидирање на ниво на општински организации.

И покрај широко распространето признавање на неопходноста од родови квоти на позициите во извршната власт и локалната власт, фактичката застапеност на жените останува значајно мала. Неодамнешниот состав на Владата, со само 12,5% од министерските позиции на жени, го нагласува јазот помеѓу заложбите и активностите. Додека повеќето партии ја препознаваат потребата и се залагаат за родови квоти на различни нивоа на локалната власт, реалната имплементација е сè уште статус кво. Овие празнини ја нагласуваат потребата од поконкретни акции и законски иницијативи за исполнување на заложбите за родова еднаквост.

Политичките партии треба да пристапат кон воведување и спроведување на родовите квоти на сите нивоа на власта, вклучувајќи ги извршните позиции и позициите на локалната власт, особено за жените на министерски позиции и кандидатури за градоначалнички. Партиите треба да развијат и да вршат притисок за законски иницијативи кои ќе ги институционализираат овие квоти, односно нивно вградување во Изборниот законик и Законот за Влада. Дополнително, треба да се преземат мерки за да се спречи стратешкото користење на жените кандидатки само за пополнување на кандидатски места за кои се проценува дека нема да имаат доволно гласови.

Заложбата за унапредување на родовата еднаквост преку законски измени е очигледна во повеќето партиски програми, па сепак темпото на вистински законски реформи останува бавно. Неколку партии поддржуваат значајни законски иницијативи, како што е новиот Закон за родова еднаквост и воведувањето родови квоти во Изборниот законик, кои укажуваат на позитивен тренд кон формализирање на родовата еднаквост. Сепак, и покрај

овие амбиции, практичните чекори кон законски реформи бараат поцврста и побрза акција за овие заложби да се преточат во вистинска општествена промена.

Законските подобрувања се клучни за унапредување на родовата еднаквост. Политичките партии треба да работат на усвојување на сеопфатни закони за родова еднаквост и изборни реформи кои ќе обезбедат еднаква застапеност. Ова вклучува поддршка на правната заштита на жените во различни сектори, како што се: земјоделството, работните односи, заштита од дискриминација, подобрување на законодавството за заштита на жените од насилство.

Изборната кампања покажа значителен недостаток на родовиот наратив и видливост на жените политичарки, при што најголемиот дел од фокусот остана на машките партиски лидери. И покрај тоа што некои партии покажаа поголема видливост на жените, целокупното влијание беше засенето од поголемите партиски коалиции предводени претежно од мажи. Ограничената употреба на родово чувствителен јазик, заедно со случаите на сексистичка реторика, го нагласува постојаното прашање на родова дискриминација и стереотипи во политичкиот дискурс. Оваа несоодветна застапеност, поткрепена со медиумско зајакнување на традиционалните родови улоги, го отежнува напредокот кон родова еднаквост во политичката сфера.

За да се подобрат видливоста и влијанието на жените политичарки, политичките партии треба активно да промовираат родово сензитивни наративи и да одбегнуваат употреба на родови стереотипи, како и сексистички и навредлив говор. Изборните кампањи треба да ги нагласат достигнувањата и способностите на жените кандидатки, обезбедувајќи простор во кој тие нема да бидат во сенка на машките колеги. Употребата на родово сензитивен јазик треба да биде стандардизирана, додека медиумското известување треба да се фокусира на професионалните квалификации и политичките ставови на жените политичарки, а не на нивните лични животи или надворешен изглед. Воедно, потребно е коментарите на

партиските профили на социјалните медиуми кои содржат родово базиран говор на омраза да бидат соодветно модерирани, со цел овој негативен наратив да не се шири понатаму, како и да не влијае врз обесхрабрување на политичарките и жените генерално. Дополнително, партиите треба да се погрижат прашањата за родова еднаквост да бидат вклучени во нивниот предизборен дискурс, со што ќе ги предизвикуваат и менуваат долгогодишните родови стереотипи.

# Анекси

## Анекс 1:
## Прашалник за претставници/чки на политички партии

**Прашалник за претставници/чки на политички партии**
Заложбите за родова еднаквост во изборните програми на политичките партии - Парламентарни избори 2024 година

Датум:
Име и презиме:
Политичка партија:
Позиција:

1. Кои заложби за родова еднаквост беа инкорпорирани во изборната програма на вашата партија? На кој начин е предвидено тие да се имплементираат?

2. Кои стратегии беа применети за интеграција на родовата еднаквост во изборните кампањи на вашата партија?

3. Дали вашата партија имаше одредена стратегија за поттикнување и поддршка на повеќе жени да учествуваат во изборите (обуки, промоција, видливост, менторство, финансии)? Доколку да, во што се состоеше стратегијата? Дали постојат конкретни иницијативи наведени во изборната програма на вашата партија за назначување жени како водечки кандидати и промовирање на нивните успешни приказни?

4. Дали изборната програма вклучува заложби за поголема застапеност на жените во парламентот? На министерски позиции во извршната власт? Во локалната власт? Во што се состојат заложбите и на кој начин е предвидено да се постигне оваа цел?

5. Дали изборната програма вклучува иницијативи или амандмани за унапредување на родовата еднаквост преку законодавството? На кои закони се однесуваат? Што очекувате да се постигне со нив?

## Анекс 2:
## бриф од конференција: Стратегии на политичките партии во Северна Македонија за поголемо учество на жените во политиката – 2024

Бриф од конференција:

# Стратегии на политичките партии во Северна Македонија за поголемо учество на жените во политиката — 2024

**Овој прирачник е производ од конференцијата на тема „Насилство врз жените во политиката – решенија за поголемо политичко учество на жените“, која се одржа на 9 февруари, 2024 година во Скопје. Настанот беше организиран од Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), во партнерство со Институтот за комуникациски студии (ИКС), а со поддршка од Британската амбасада.**

На конференцијата, покрај почесната говорничка - пратеничката во Парламентот на Велика Британија г-а Јасмин Куреши, учество зедоа претставнички и претставници на повеќе политички партии во Северна Македонија, заедно со академици, истражувачи/чки и експерти/ки од граѓанското општество. Настанот послужи како платформа за дикусија на улогата на финансирањето на политичките партии за зголемување на родовата еднаквост, влијанието на медиумските наративи врз насилството врз жените во политиката, идентификување на постоечките бариери во земјата, како и изнаоѓање на ефикасни решенија за зајакнување на застапеноста на жените во политиката.

Целта на овој бриф е да послужи како алатка за следење и насочување на идните стратегии на политичките партии во Северна Македонија во насока на поголемо учество на жените во политиката.

British Embassy Skopje
UK International Development — Partnership | Progress | Prosperity
ИК Институт за комуникациски студии
WFD

### Состојби и бариери за учество на жените во политиката во Северна Македонија

- Дискриминацијата на жените во политиката е сè уште присутна во земјата. Најкритично е на локално ниво односно онаму каде што нема предвидено родови квоти и каде постои најниска застапеност на жените, со 36,5% советнички и 2,5% градоначалнички. Оваа родова дискрепанца е присутна кај сите партии, како на ниво на партиските општински организации и во централните тела на партиите;
- Во последните години постои одредена рамноправна застапеност на жените, пред сè заради почитување на законските норми, но не и рамномерна застапеност на жени во политичките партии;
- Традиционалните и религиски фактори сè уште имаат значајно влијание врз учеството на жените во политиката;
- Социјалните и економските аспекти се суштински за влез на жените во политиката, особено на локално ниво, пришто еден од клучните фактори за жените во политиката е нивниот пристап до финансиски ресурси;
- Потребно е да се работи на подобрување на партиските статути во насока на зајакнување на позицијата на жените во партијата, на пример преку воведување на родови квоти на различни партиски нивоа и структури;
- Потребно е подобрување на статутарната позиција на форумите на жени, особено од аспект на нивна финансиска независност;
- Потребно е подобрување на имиџот на политичките партии за што е значајно вклучување и промоција на жените во политиката, особено на локално ниво.

# Заложби на политичките партии

Имајќи ја предвид нивната улога за учество на жените во политиката, политичките партии во Северна Македонија во своите излагања на конференцијата ги изразија нивните заложби за обезбедување поголема застапеност и учество на жените во политиката. Подолу се резимирани нивните излагања:

- Вградување на принципот на родова еднаквост во своите политики и програми, како еден од приоритетите на партијата
- Дефинирање и/или зголемување на внатрешните родови квоти во рамки на Статутите на партиите од 40% до 50% во насока на поголема застапеност на жените на сите нивоа на органите на партијата;
- Зголемување на родовите квоти на 50% за застапеност на жени на пратеничките листи;
- Воведување на родови квоти за поголема застапеност на жени на министерски позиции во извршната власт;
- Воведување и/или зголемување на родовите квоти на 50% за застапеност жени на избори на локално ниво, вклучително и за градоначалнички позиции;
- Креирање на иницијативи и амандмани за унапредување на законодавството. Па така, дел од партиите се залагаат за една изборна единица со отворени листи, со еднаков број застапеност на жени и мажи;
- Поголемо учество во процесот на донесување на партиски одлуки и зајакнување на финансиската независност на форумите на жени во партиите, како и зајакнување на нивната улога, преку креирање стратешки насоки и активности;
- Поттикнување и охрабрување на жените за активно вклучување во политичкиот живот и градење на нивните капацитети, преку обучување и менторирање во соработка со организации и партии;
- Промоција и зголемување на видливоста на жените во политиката, особено преку нивно назначување за носителки на кандидатски листи, како и промовирање на успешни приказни на жени во политиката;
- Воведување на мерки за спречување и заштита од дискриминација и различни форми на насилство преку партискиот кодекс на однесување и внатре-партиски активности за превенција, со цел овозможување на безбедна средина за жените во партијата и политиката;
- Примена на позитивни кампањски техники и употреба на родово сензитивен политички говор;
- Поголемо учество на мажите членови на партиите во промовирање и поддршка на родовата еднаквост во партиите и во политиката генерално;
- Дел од партиите ја препознаваат потребата за рамнотежа помеѓу професионалниот и приватниот живот и притисокот кој е многу поголем за жените во политиката.

## Општи насоки за политичките партии за поголемо учество на жените во политиката

- Екстерна и/или интерна евалуација на партиските документи, процедури, како и на внатрепартиската култура од родова перспектива и идентификување на дискриминирачки елементи и практики, како и евалуација на потребите на жените членки на партијата;
- Институционализирање на принципот на родова еднаквост во политичките партии што подразбира ревидирање на внатрешни документи, вклучително и Статутот на партијата, процедури и структура на партијата на сите нивоа;
- Промовирање на поголема внатре-партиска демократија, со тоа што жените ќе заземат посуштински улоги во самите политички партии, преку воведување на родови квоти и/или нивно зголемување на 50% во сите органи на партијата;
- Воведување на родови квоти од 50% за кандидирање на жени на избори, вклучително и на локално ниво односно и онаму каде не се предвидени законски родови квоти и одбегнување на користење на жените кандидатки само за пополнување на кандидатски места за кои се проценува дека нема да имаат доволно гласови;
- Развивање на партиски стратегии и акциски планови за родова еднаквост со јасни цели, активности, временски рамки и соодветни финансиски средства за нивно реализирање, како и спроведување на задолжителен мониторинг и евалуација на нивното имплементирање во пракса;
- Водење и редовно обновување на родово разделени податоци во партиите, со цел следење на трендови, идентификување на старо-нови родови јазови и евалуација на ефектите од примена на одредени родови мерки;
- Воспоставување и/или зајакнување на улогата на женските форуми во рамки на партиите, преку нивно формализирање, финансиска независност и обезбедување нивно активно учество во процесите на носење на одлуки на ниво на целата партија;
- Воведување на мерки за транспарентна и правична распределба на ресурси во партијата, особено за пристап до ресурси потребни за спроведување на успешни изборни кампањи;
- Обезбедување на соодветна видливост на жените за време на изборни кампањи, медиумско присуство, споделување експертиза, партиски материјали, итн., како и поддршка и промовирање на role models на жени во рамки на партијата;
- Употреба на родово сензитивна реторика на ниво на партијата, која не се заснова на родови стереотипи и која го поддржува и промовира учеството на жените во политичкиот живот;
- Развивање на внатрешни механизми за заштита на жените и промоција на наративи за поттикнување на позитивни ставови за жените во политиката;
- Организирање и спроведување на специјализирани обуки и менторски програми за жени за развивање на капацитети, подготовка на кандидатури, прибирање финансиски средства, јавен настап, водење кампања, итн.;
- Воспоставување на партнерска соработка со организации во градењето на капацитетите за промоција и имплементација на принципот на родова еднаквост во рамки на нивната работа;
- Обезбедување на сигурна средина за жените членки на партијата преку уредување на јасни забрани за примена на која било форма на родово базирана дискриминација и насилство и родово базиран говор на омраза и соодветно санкционирање, како и јавно повикување за воздржување од какви било форми на родово базирано насилство и говор на омраза;
- Воведување на мерки за подобро балансирање помеѓу приватниот и професионалниот живот, со што нема да биде загрозено учеството на жените во партиските и политичките процеси. Во оваа насока, би можело да се предвидат мерки како можност за учество и гласање по електронски пат или преку посредник, обезбедување на простории и лица за нега на деца, приспособување на настани на потребите на жените, флексибилни работни обврски, итн.;
- Предложување на измени и усвојување на законска регулатива во насока на унапредување на учеството на жените во политиката и родово условување на јавното финансирање на политичките партии, како на пример, Изборен законик, Закон за родова еднаквост, Законот за финансирање на политичките партии, итн.

*Овој продукт е изработен во рамките на проект спроведуван од Фондацијата за демократија на Вестминстер, финансиран од Владата на Обединетото Кралство со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската влада.*

# Клучни наоди од дискусијата

## Позитивна пракса од Велика Британија

- Како резултат на застапувањето од страна на феминистичкото движење за еднаква застапеност на жените во политиката, и воведување на родови квоти и отворени листи, на изборите во 1997 година бројот на жените во парламентот на Велика Британија достигнува двојно повисока бројка;
- Значајна мерка која се применува е обезбедувањето обуки за жените за поголемо вклучување и учество во политиката. Една од партиите, на пример, обезбедува обуки низ целата земја, спроведени од страна на експерти/ки и поранешни пратеници/чки за водење на жените низ процесот на водење кампањи, зајакнување на потребни вештини, логистика, итн. како и програма за лидерство за жени-членки, која има за цел да ги охрабри и обучи жените за лидерски улоги;
- Жените почесто се предмет на вознемирување на социјалните медиуми, за разлика од мажите, вознемирувањето на жените, кое е најчесто од сексуална природа, претставува една од бариерите за вклучување на жените во политиката. Оттука, потребно е да се обезбедат услови во кои жените нема да се чувствуваат под закана да се вклучат во политиката. Така, на пример, една партија од Велика Британија има воспоставено формална процедура за заштита од сексуално вознемирување, каде се јасно наведени чекорите и контактите за доверливо пријавување и заштита од сексуално вознемирување;
- Доколку некоја жена има дете за кое мора да се грижи и не може да дојде во парламентот за гласање, во Велика Британија постои систем на гласање преку посредник односно некој од нејзините колеги/шки може да го даде гласот во нејзино име;
- Сѐ поголемото присуство на жени во политиката се покажува како особено значајно за подигнување на свеста за одредени теми и донесување на закони кои се од важност за жените

## Финансирање на политичките партии за зголемување на родовата еднаквост

- Финансиската поддршка е еден од предусловите за жените да можат да се вклучат во различните политички кампањи, да бидат активни и успешни. Традиционалните родови улоги и општествените очекувања може значајно да го попречат пристапот на жените до финансиски ресурси во политиката, а во некои земји и самата законска регулатива не го поддржува финансирањето на политичкото учество на жените;
- Воведувањето на квоти во многу земји придонесе за зголемување на учеството на жени, но тие не се доволни за да се обезбеди вистинско застапување и слушање на нивниот глас во политиката;
- Во многу земји, финансирањето на кампањите во голема мера се потпира на приватни донации, што може да ги фаворизира кандидатите со големо лично богатство или пристап до богати политички мрежи, области каде жените често се во неповолна положба;
- Жените во просек заработуваат помалку од мажите, што може да им го отежне самофинансирањето на кампањите или придонесот за политичките партии;
- Политичките партии имаат помала веројатност да ги поддржат женските кандидати финансиски и организациски, често поради согледаните изборни ризици или предрасуди во однос на лидерските способности на жените;
- Решавањето на овие предизвици бара повеќестран пристап,вклучително и реформирање на законите за финансирање на кампањите со цел да се изедначат условите за учество, обезбедување ресурси и менување на општествените ставови за жените кандидатки.

## Улога на медиумите врз насилството врз жените во политиката

- Медиумите ги употребуваат и потврдуваат родовите стереотипи вклучително за учеството на жени во политика, со што придонесуваат за нормализирање на културата на родово базирано насилство,
- Антиродовите наративи се широко застапени во медиумите што доведува до ширење на родови дезинформации во насока на нарушување на угледот на политичарките, омаловажување на нивната личност и способности, итн., чија крајна цел е исклучување на жените од јавниот дискурс;
- Објавите на новинарските извештаи на социјалните медиуми се користат за креирање и ширење на родовите дезинформации, и се плодна почва за родово базиран говор на омраза и вознемирување;
- Потребно е медиумите да креираат и пласираат содржини за подигнување на свеста за негативните ефекти на родово базираното насилство и промовирање на принципот на родова еднаквост.